GAA УРБАНИЗАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУР

| | | ДИНАМИКА НА ФИНАНСИРАЊЕ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Извор на финансирање | Статус на финансирање | Вкупен износ на договорот | Потрошено заклучно со 31.12 | Предвидени расходи за 2012 | Предвидени расходи за 2013 | Предвидени расходи за 2014 | Предвидени расходи по 2014 |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| **ДРУГИ ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ** | | **4.950.000** | **0** | **2.000.000** | **1.475.000** | **1.475.000** | **0** |
| **10** Други извори на финансирање1 | S СИГУРЕН | 4.950.000 | 0 | 2.000.000 | 1.475.000 | 1.475.000 | 0 |
| | **ВКУПНО :** | **4.950.000** | **0** | **2.000.000** | **1.475.000** | **1.475.000** | **0** |

Урбанизација И изградба на комунална инфраструктура на индустриската зона

РаспиШување на тендери,избор на најповолни понудуваци и изградба на комунална инфраструктура на индустриската зона

Подобрување на условите за водење бизнис на територијата на опШтина Македонски Брод

# ПРИХОДИ ЗА РАЗВОЕН ТИП НА ПРОГРАМИ

## GAA УРБАНИЗАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАС

| Потставка | О П И С | БУЏЕТ | | | САНОФИНАНСИРАЧКИ | | | ДОНАЦИИ | | | КРЕДИТ | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 |
| 733111 | Приходи од продажба на неизградено градежно замјиште во сопственост на Република Македонија | 2.000.000 | 1.475.000 | 1.475.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.000.000 | 1.475.000 | 1.475.000 |
| | **ВКУПНО :** | **2.000.000** | **1.475.000** | **1.475.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.000.000 | 1.475.000 | 1.475.000 |

# РАСХОДИ ЗА РАЗВОЕН ТИП НА ПРОГРАМИ

## GAA УРБАНИЗАЦИЈА И ИЗГРАДБА НА КОМУНАЛНА ИНФРАС

| Потставка | О П И С | БУЏЕТ | | | САНОФИНАНСИРАЧКИ | | | ДОНАЦИИ | | | КРЕДИТ | | | ВКУПНО | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 | 2012 | 2013 | 2014 |
| 482910 | Подготвување проекти вклучувајќи дизајн на други објекти | 450.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 450.000 | 0 | 0 |
| 482920 | Изградба на други објекти | 1.550.000 | 1.475.000 | 1.425.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.550.000 | 1.475.000 | 1.425.500 |
| 482940 | Надзор над изградбата | 0 | 0 | 49.500 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 49.500 |
| | **ВКУПНО :** | **2.000.000** | **1.475.000** | **1.475.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | 2.000.000 | 1.475.000 | 1.475.000 |

ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА

---

Врз основа на член 36, став 1 , точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М бр 5/02), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа (Службен весник на Р.М 61/04 , 96/04, 67/07, 156/09 и 47/2011.) и член 21 точка 4 од Статутот на општина Македонски Брод (Службен весник на општина М.Брод бр. ),Советот на општина М.Брод на седница одржана на донесе

ОДЛУКА
за извршување на Буџетот на општина М.Брод за 2012 година

Член 1

Буџетот на општина М.Брод за 2012 година се извршува според одредбите на оваа Одлука.

Член 2

Буџетот на општината се состои од : Основен буџет,Буџет на самофинансирачки активности ,Буџет на донации и Буџет на дотации.

Член 3

Корисниците на средства на буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски ,рационално ,економично и ефикасно.

Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максималните износи над кои буџетските корисници на можат да превземат обврски.

За да превземат нови обврски до советот на општината треба да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на други расходи во срезмерен износ.

Член 5

Б уџетските корисници во тековната фискална година можат да вршат прераспределба во рамките на одобрените буџети.
Прераспределбата на средствата од буџетот на општина М.Брод ја одобрува советот на општината.

Министерството за финансии по службена должност во текот на фискалната година врши прераспределба во рамките на буџетскиот корисник за обезбедување на потребните средства за спроведување на налозите за извршување по основ на присилна наплата.

Одобрените средства со буџетот на ниво на ставки во рамки на потпрограма и буџет на можат да бидат намалени повеќе од 20% со прераспределба во тековната фискална година со исклучок на прераспределбата од ставот 2 на овој член.

Одобрените средства за плати и надоместоци во рамките на буџетот не може да се зголемат со прераспределба повеќе од 10%.

Член 6

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации ,буџет на заеми и буџет на самофинансирачки активности, во случај кога планираните приходи и други приливи не се реализираат , доставуваат барање за намалување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети. Градоначалникот доставува барање за намалување до советот на општината.

Буџетските корисници кои имаат буџет на донации, буџет на заеми и буџет на самофинансирачки активности , во случај кога планираните приходи и други приливи се реализираат над планираните износи , доставуваат барање за зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрени средства во овие буџети.
Градоначалникот доставува барање за зголемување до советот на општината.

Член 7

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи, расходите и другите одливи на буџетот на општината.

Доколку во текот на извршувањето на буџетот градоначалникот на општината оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од планот , му предлага на советот изменување и дополнување на буџетот.
Советот на општината на предлог на градоначалникот ги донесува измените и дополнувањата на буџетот најдоцна до 15 ноември во тековната година.

Член 8

Извршувањето на буџетот опфаќа наплата и евидентирање на приходите и другите приливи , како и извршување на расходите и другите одливи во согласност со одобрените средства.

Член 9

Буџетот на општината се извршува во согласност на начелата на сеопфатност, специфичност, економичност, ефикасност, ефективност, транспарентност и сигурно финансиско управување.

Член 10

Буџетските корисници и единки корисници се одговорни за извршување на расходите и другите одливи, во согласност со одобрените средства.

Буџетските корисници и единки корисници се должни одобрените средства да ги користат наменски.

Секој расход и одлив мора да се заснова на верoдостојна сметководствена документација со која се докажува обврската за плаќање.

Член 11

Буџетските корисници по усвојување на буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средтвата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува брз основа на финансиски план по месеци.

Член 12

Општинските локални јавни установи во рок од 15 дена по истекот на месецот за кој се однесуваат, до Градоначалникот доставуваат писмени месечни извештаи со образлошение за извршувањето на нивните финансиски планови.

Член 13

Градоначалникот доставува до Советот на општината писмен квартален извештај со образложение за извршувањето на Буџетот во рок од еден месец по завршување на кварталот.

Член 14

Висината на потребните средства за исплата на плати и надоместоци за општинската администрација и јавните локални установи се утврдени согласно Законот за исплата на плати во Р.М (Службен весник на Р.М бр.70/94, 62/95, 33/97, 50/01, 26/02, 46/02, 37/05, 121/07, 161/08, 92/09 ) и Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и други надоместоци на пратениците во

собранието на Р.М и другите избрани и иманувани лица во Републиката (Службен весник на СРМ бр.36/90 ) и (Службен весник на Р.М бр. 38/91,23/97, 37/05, 84/05, 121/07,161/08, 92/09, 42/10 и 97/10).

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во буџетот , односно плати се утврдуваат за

- избраните и именувани лица во општината , ќе се исплатуваат согласно законски утврдениот коефициент за утврдување на плата на градоначалникот кој изнесува,

a) за градоначалник на општина до 10.000 жители коефициент 2.70

- вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на платите (бруто) за 2012 година изнесува 73,85 денари.Работното искуство на државниот службеник се вреднува во износ од 0,5% од делот на основната плата со која се вреднува степенот на образование и додатокот на плата за звање, за секоја навршена година работен стаж, а најмногу до 20%.

-за вработените кои немаат статус на државни службеници плата ќе се исплатува согласно Законот за работни односи и други Закони со кои се утврдува висината на платата.

- вработените во локалните јавни установи ќе се исплатуваат согласно утврдените Коефициенти и утврдената вредност на бодот утврден со потпишаните Колективни договори со ресорните министерства.

Член 15

На членовите на советите на општините им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овој член се обезбедуваат во буџетот на општината.

Член 15 - а

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот изнесува 40% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

Член 15 - б

На претседателот на советот на општината, за раководење и организирање на работата на советот, надоместокот од член 15-а, се зголемува за 30 %.

Член 15 - в

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците се намалува за 30% за секое отсуство од седниците на советот. Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува, доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува , доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

Член 15 - г

На членовите на советот на општината им се исплатуваат надоместоците за патни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

Член 16

Иплатата на плати на локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации ја контролира и одобрува Министерството за финансии.Буџетските корисници од локалните јавни установи кои се финансираат со блок дотации се задолжени два дена пред исплатата на плати до општината да достават барање за одобрување на средства за плати кон кое ќе приложат обрасци ПДД-МП и МП -1, копие од рекапитулацијата за пресметани нето и бруто плати, образец Ф1 за бројот на вработени по име и презиме , бруто и нето плати како и други податоци во пишана и електронска верзија (на цд, дискета, е-маил и др ) за односниот месец за кој се однесува исплатата.

Член 17

Во случај на нови вработувања буџетските корисници од локалните јавни установи кои ќе се финансираат со блок дотации се должни да достават известување за обезбедени финансиски средства и да приложат образец М-1.

Член 18

По извршената контрола согласно планираните средства во буџетот на општината одделните пресметки на локалните јавни установи ги доставува до ресорното Министерство од кое се трансферира блок дотацијата. Во образецот Ф1 локалните јавни установи потребно е да отворат нова колона која ќе го означува статусот на

институцијата , односно ќе се стави буквата Л, што ќе означува- локална јавна установа која се финансира од буџетот на општината.

Член 19

Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за култура доставените пресметки за исплата на бруто плати и надоместоци ги доставува до Министерството за финансии за контрола и евиденција.

Член 20

Во делот на пренесените надлежности согласност за нови вработувања во локалните јавни установи од областа на културата , образованието и социјалната заштита кои се финансираат со блок дотации се дава за

- вработувања за кои се обезбедени средства во Буџетот на Р.М за тековната фискална година ,согласно член 51 ,став 1 и 4 од Законот за буџетите за што писмено известување ќе даде Министерството за финансии, врз основа на барање од градоначалникот на општината за потреба од вработување во локалните јавни установи за испразнетите работни места со соодветна пропратна документација (решение за пензионирање, решение за престанок на работен однос по основ на смрт и/или по сопствено барање , или по било кој правен основ)

- вработувања за кои се обезбедени средства од буџетот на општината за тековната фискална година за што согласно член 51 став 3 и 4 од Законот за буџетите писмено известување ќе даде градоначалникот на општината.

Буџетските корисници на средства од буџетот на општината , можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат изпразнети работни места, да вработуваат работници на определено време и да склучуваат договори за отстапување на работник за привремени вработувања за вршење на привремени работи само под услов ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

Министерството за финансии , односно градоначалникот на општината дава писмено известување , по претходно дадено позитивно мислење од Министерството за информатичко општество и администрација на актите за систематизација.

Член 21

Надоместокот за превоз и храна се внесени во бруто платата на вработените.

Член 22

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, на вработениот му се исплатува еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата во органот каде што е вработен.

Член 23

Во случај на смрт на вработениот, на неговото семејство му припаѓа парична помош во износ од 30.000 денари.

На вработениот , во случај на смрт на член на потесното семејство (родител,брачен другар, деца родени во брак или вон брак, посиноци,посвоени деца и деца земени на издржување) доколку живееле во заедница, му припаѓа парична помош во висина од 15.000 денари по семејство.

Живеењето во заедница подразбира вработениот и членот на потесното семејство да се со место на живеење на иста адреса што се докажува со документ за идентификациај (лична карта или пасош).

Надоместоците од ставовите 1 и 2 на овој член се исплатуваат по претходно доставено барање во тековната , односно во наредната година.

За работниците ангажирани со договори за отстапување на работник за привремени вработувања, средствата за исплата на солидарна помош на вработените ги обезбедува работодавачот, а исплатата ја врши Агенцијата за привремени вработувања.
Надоместоците за отпремнина за пензионирање на вработениот во општината и локалната јавна установа се исплаќа врз основа на член 9 став 1, алинеја 2 од Законот за исплата на платите и се планираат во Буџетот на општината за 2012 година .

Сите исплати на предните надоместоци се вршат врз основа на претходно оформена и комплатирана документација и донесено решение согласно законските прописи.

Член 24

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници е преку набавки со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавни набавки.

Набавките на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во слушај кога за расходите не може да де издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противредност од 6.000 денари каде задолжително мора да биде приложено фискална сметка, при што расходите треба да бидат класифицирани по соодветни расходни конта.

Член 25

Во буџетот на општината за финансирање на непланирани или помалку планирани расходи мажат да се планираат средства како постојана и тековна резерва. Постојаната и тековна резерва не може да надмине 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината.

За користење на средствата на резервите од став 1 на овој член одлучува советот на општината , а ги извршува градоначалникот.

По исклучок од став 3 на овој член, за користење на средствата од резервите до износ од најмногу од 50.000 денари одлучува градоначалникот.

Одобраните средства во постојната буџетска резерва се користат за отстранување на последиците од елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и не може да се намалат со прераспределб во тековната година , а доколку се недоволни можат да се зголемат со прераспределба.

Одобрените средства во постојната буџетска резерва се користат за непредвидени случаи за кои во буџетот не се планирани средства или одобрените средства се недоволни.

Градоначалникот на општината му поднесува на советот на општината Годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

Член 26

Средствата утврдени во Буџетот на општината и распределени во пооделните програми и подпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

Член 27

Кога приходите што му припаѓаат на буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени , а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатените односно наплатените приходи се врши со решение на градоначалникот , освен во случаи каде надлежноста припаѓа на други органи.

Член 28

Буџетот на општина Македонски Брод се извршува од 01.01.2012 до 31.12.2012 година

Член 29

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањетио и ќе биде објавена во “Службен гласник” на општина Македонски Брод,

Бр 07 – 1054/3
29.12.2011 год
Македонски Брод

Совет на општина
Македонски Брод
Претседател
Драге Јосифоски с.р.

**ГРАФИЧКИ ПРИКАЗ НА ПЛАНИРАНИТЕ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2012 ГОДИНА**

**Структура на приходите во буџетот на Општина Македонски Брод**




**Структура на расходите во буџетот на Општина Македонски Брод**



**БУЏЕТСКА ПОРАКА (ОБРАЗЛОЖЕНИЕ)
НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**

Буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година е изготвен во согласност со Законот за буџетите (Службен весник на Република Македонија бр.64/05,4/08,103/08,156/09 и 95/10) , Буџетскиот циркулар за 2012, во кој се дадени насоките за изготвување на буџетот за 2012 година,Законот за финансирање на ЕЛС(Службен весник на Република Македонија 61/04,96/04,67/07,156/09,47/11) и Законот за локална самоуправа(Службен весник на Република Македонија бр.5/02)

Анализата на реализираните буџети од претходните три години претставува основа при изготвување на буџетот на општина Македонски Брод за 2012 година.

## Извори на финансирање на Општина Македонски Брод

Согласно законската регулатива извори на финансирање на општината може да бидат:

- Сопствени приходи
- Дотации од буџетот на Република Македонија и од буџетите на фондовите
- Донации
- Кредити
- Други приходи

## А) Сопствени приходи

Општина Македонски Брод,согласно законската регулатива самостојно ги определува,утврдува и наплатува сопствените приходи.

**1.Локални даноци**

**-** данок на имот
- данок на наследство и подарок
- данок на промет на недвижности
- други локални даноци утврдени со закон

**2.Локални такси**

**-** комунални такси
-административни такси
- други локални такси утврдени со закон

**3.Локални надоместоци**

**-**надоместок за уредување на градежно земјиште
- надоместоци од комунална дејност
- надоместоци за просторни и урбанистички планови
- други локални надоместоци утврдени со закон

**4.Приходи од сопственост**

- приходи од закупнина
- приходи од камати
- приходи од продажба на имот

**5.Приходи од дел од персонален данок на доход**

- Персонален данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност и се регистрирани согласно Законот за занаетчиска дејност100% се распоредува како приход на општината.

-Персонален данок на доход на лични примања од плати, на општината припаѓа 3% од приходот од персонален данок на доход од лични примања остварен од физички лица со постојано живеалиште или престојувалиште во Општина Македонски Брод.

**6. Приходи од парични казни**

## Б) Дотации од Буџетот на Републиката и буџетите на фондовите

Општина Македонски Брод согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа се финансира и со дотации односно трансфер на средства од Буџетот на Р.Македонија и буџетите на фондовите.Овие дотации за општината претставуваат дополнителни приходи за непречено извршување на нејзините надлежности.Со буџетскиот циркулар општината добива информации за износите на одделните видови на дотации кои ќе ги добива во текот на годината.

Со законот се предвидуваат следните видови на дотации:

- Приходи од данок на додадена вредност(ДДВ)
- Наменска дотација
- Капитална дотација
- Блок дотација
- Дотација за делегирана надлежност

## В) Приходи од донации

-донации во парични средства
-донации во стоки

## Г) Приходи од кредити

## Д) Други приходи

## Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на Општина Македонски Брод за 2012 година

**Планирани приходи**

| Вид на приход | Износ | Процент |
|---|---|---|
| **Даночни приходи** | **17.184.600** | **6,3%** |
| **Неданочни приходи** | **11.414.300** | **4,2%** |
| **Капитални приходи** | **34.193.005** | **12,5%** |
| **Приходи од дотации** | **62.707.000** | **23%** |
| **Трансфери** | **24.788.195** | **9%** |
| **Приходи од донации** | **123.476.400** | **45%** |
| **Вкупно** | **273.763.500** | **100%** |

**Планирани расходи**

| Вид на расход | Износ | Процент |
|---|---|---|
| **Плати** | **73.906.612** | **26,9%** |
| **Стоки и услуги** | **38.091.488** | **13,9%** |
| **Субвенци и трансфери** | **1.994.000** | **0,7%** |
| **Капитални расходи** | **159.521.400** | **58,3%** |
| **Резерви** | **250.000** | **0,1%** |
| **Вкупно** | **273.763.500** | **100%** |

Буџетот на Општина Македонски Брод се состои од:

**- Основен буџет на општината**
**-Буџети на единките корисници(градинка,основно образование,средно образование,дом на култура)**
**-Буџет на Териториалната противпожарна единица**

- ## Структура на планирани приходи и расходи во основниот буџет

Планирани приходи во основниот буџет за 2012 година се **80.085.800,00 денари**,што претставува **29,3%** од вкупните приходи на општината.Приходите во основниот буџет се состојат од сопствени приходи , дотации од буџетот и буџетите на фондовите.

### А) Сопствени приходи во основниот буџет

Планирани приходи од сопстваени извори во основниот буџет за 2012 година се **55.297.605,00 денари**, што претставува **69 %** од вкупните приходи на основниот буџет.

**Планирани приходи**

| Сопствени приходи | износ |
|---|---|
| **Даноци на имот** | **2.873.000** |
| **Комунални даноци** | **13.126.600** |
| **Персонален данок од доход** | **685.000** |
| **Приходи од продажба на капитални средства** | **3.000.000** |
| **Приходи од продажба на земјиште и нематеријални вложувања** | **31.143.005** |
| **Други приходи** | **4.470.000** |
| **Вкупно** | **55.297.605** |

**Б) Дотации од Буџетот на РМ и од буџетите на фондовите во основниот буџет**

Планирани приходи од дотации во основниот буџет за 2012 година се **24.788.195,00 денари** што претставува **31 %** од вкупните приходи на основниот буџет.

**Планирани приходи**

| Вид на дотација | износ |
|---|---|
| **Дотација на општината,од приходи од ДДВ** | **19.753.195** |
| **Трансфери од буџетите на фондовите** | **5.000.000** |
| **Тековни трансфери од други нивоа на власт** | **35.000** |
| **Вкупно** | **24.788.195** |

**Планирани расходи во основниот буџет**

| Вид на расход | износ |
|---|---|
| **Плати и надоместоци за вработени во општината,членовите на совет,за вработените во единките корисници и вработените во ттпе финансирани од основниот буџет** | **24.367.500** |
| **Резерви** | **250.000** |
| **Стоки и услуги** | **19.831.300** |
| **Субвенции и трансфери** | **1.252.000** |
| **Капитални расходи** | **34.385.000** |
| **Вкупно** | **80.085.800** |

## ▪ Структура на планирани приходи и расходи од донации

Планирани приходи од донации во буџетот на општината за 2012 година се**123.476.400,00 денари**, што претставува **45,1%** од вкупните приходи на општината.

**Планирани приходи**

| Донација | Износ |
|---|---|
| **Донации од странство** | **123.476.400** |

**Планирани расходи**

| Вид на расход | износ |
|---|---|
| **Капитални расходи(изградба и реконструјција на улици и патишта)** | **75.396.000** |
| **Капитални расходи (Изградба на системи за водоснабдување)** | **48.080.400** |
| **Вкупно** | **123.476.400** |

## ▪ Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на Детска градинка

Планирани приходи од наменска дотација и самофинансирање во буџетот на Детска градинка за 2012 година се **11.309.700,00** денари, што претставува **4,1%** од вкупните приходи во буџетот на општината.

### Планирани приходи

| Вид на приход | износ |
|---|---|
| **Наменска дотација** | **5.320.000** |
| **Приходи од самофинансирање** | **5.989.700** |
| **Вкупно** | **11.309.700** |

### Планирани расходи

| Вид на расход | износ |
|---|---|
| **Плати за вработените** | **4.810.800** |
| **Стоки и услуги** | **6.096.900** |
| **Субвенции и трансвери** | **42.000** |
| **Капитални расходи** | **360.000** |
| **Вкупно** | **11.309.700** |

- **Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на основно образование**

Планирани приходи од наменска дотација и самофинансирање во буџетот на основно образование за 2012 година се **32.535.000,00 денари**,што претставува **11,9%** од вкупните приходи во буџетот на општината.

## Планирани приходи

| Вид на приход | износ |
|---|---|
| **Наменска дотација** | **32.265.000** |
| **Приходи од самофинансирање** | **270.000** |
| **Вкупно** | **32.535.000** |

## Планирани расходи

| Вид на расход | износ |
|---|---|
| **Плати за вработените** | **26.394.312** |
| **Стоки и услуги** | **5.385.688** |
| **Субвенции и трансфери** | **525.000** |
| **Капитални расходи** | **230.000** |
| **Вкупно** | **32.535.000** |

- **Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на средно образование**

Планирани приходи од наменска дотација и самофинансирање во буџетот на средно образование за 2012 година се **20.293.600,00 денари**, што претставува **7,4%** од вкупните приходи во буџетот на општината.

## Планирани приходи

| Вид на приход | износ |
|---|---|
| **Наменска дотација** | **19.169.000** |
| **Приходи од самофинансирање** | **1.124.600** |
| **Вкупно** | **20.293.600** |

## Планирани расходи

| Вид на расход | износ |
|---|---|
| **Плати за вработените** | **12.852.000** |
| **Стоки и услуги** | **6.246.600** |
| **Субвенции и трансфери** | **175.000** |
| **Капитални расходи** | **1.020.000** |
| **Вкупно** | **20.293.600** |

- **Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на култура**

Планирани приходи од наменска дотација и самофинансирање во буџетот на Дом на култура за 2012 година се **2.477.000,00 денари**, што претставува **0,9%** од вкупните приходи во буџетот на општината.

## Планирани приходи

| **Вид на приход** | **износ** |
|---|---|
| **Наменска дотација** | **2.367.000** |
| **Приходи од самофинансирање** | **110.000** |
| **Вкупно** | **2.477.000** |

## Планирани расходи

| **Вид на расход** | **износ** |
|---|---|
| **Плати за вработените** | **1.896.000** |
| **Стоки и услуги** | **531.000** |
| **Капитални расходи** | **50.000** |
| **Вкупно** | **2.477.000** |

- **Структура на планирани приходи и расходи во буџетот на Териториjална противпожарна единица**

Планирани приходи од наменска дотација во буџетот на Територијална противпожарна единица за 2012 година се **3.586.000,00 денари**,што претставува **1,3%** од вкупните приходи во буџетот на општината.

## Планирани приходи

| **Вид на приход** | **износ** |
|---|---|
| **Наменска дотација** | **3.586.000** |
| **Вкупно** | **3.586.000** |

## Планирани расходи

| **Вид на расход** | **износ** |
|---|---|
| **Плати и надоместоци за вработените** | **3.586.000** |
| **Вкупно** | **3.586.000** |

Планираните расходи во Буџетот на општина Македонски Брод во износ од **273.763.500,00 денари** не смеат да ги надминат планираните приходи во износ **273.763.500,00 денари**.

Средствата ќе се трошат наменски,правилно,ефикасно, се со цел да се реализираат планираните активности и развојни проекти, а со тоа да се остварат стратешките цели утврдени во Стратегијата на општината.Со реализирањето на планираните активности и проекти ќе се задоволат потребите и интересите на граѓаните и ќе се обезбеди одржлив развој во општината.

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

# *БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР*
# *НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*
# *ЗА 2012ГОДИНА*

***Македонски Брод, декември 2011 година***

Врз основа на член 27 став 4 и 5 од Законот за финансирање на ЕЛС („Службен весник на Република Македонија“ број 61/2004,96/04 и 22/07 156/09 и 47/11 година) Советот на општина М.Брод на седницата одржана на ден 29 . 12. 2011 година, донесе

# буџетски календар

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ - ОДГОВОРНОСТ |
|---|---|
| од 15/ 02/ 12<br>до 01 /03/ 12 | Формирање на работна група на иницијатива на градоначалникот. Делегирање на лица од секој релевантен сектор кои ќе бидат назначени за спроведување на Планот на програмите за развој (ППР) |
| од 01 /03/ 12<br>до 03 /03/ 12 | Формирање на управно тело (УТ) од редот на делегираниот персонал |
| од 04 /03/ 12<br>до 29 /03/ 12 | Подготовка на стандарден формат (од УТ) во кој ќе се определи рамката во која ќе се опишуваат предлог проектите и инструкциите за нивната подготовка |
| од 01 /04/ 12<br>до 30 /04/ 12 | Активности на останатите делегирани членови |
| од 01 /05/ 12<br>до15 /05/ 12 | Подготовка на листа на инвестициони цели |
| од 06 /05/ 12<br>до23 /05/ 12 | Проценка и приоритизација на потребни видови инвестиции базирано на информациите обезбедени преку:<br>- потребни основни средства<br>- честост на поправки,реконструкции<br>- честост на одржувања<br>- барања на граѓаните преку разни форми на граѓанско учество (јавни расправи, анкети,јавни советодавни комитети<br>- расположлива техничка документација<br>- развојни програми, студии<br>- лични проценки |

| | |
|---|---|
| | |
| од 24 /05/ 12<br>до 03 /06/ 12 | Подготовка на драфт верзија (апликација) на проекти за капитални инвестиции од страна на апликантите |
| од 04 /06/ 12<br>до 09 /06/ 12 | Назначените јавни службеници од секторите за ЛЕР и буџет и финансирање на општината подготвуваат анализа на финансиските можности и нивна усогласеност со стратешките цели |
| од 10 /06/ 12<br>до 20 /06/ 12 | Работната група врши анализа на усогласеноста на предлог проектите со развојната политика и финансиските сценарија. Во рамките на оваа активност работната група може да предложи ревизија иприлагодувања на финансиските сценарија со цел да се овозможи реализација на капиталните инвестиции |
| од 20 /06/ 12<br>до 30 /06/ 12 | Работната група развива и одобрува евалуациони критериуми, листи за рангирање на проектите според приоритетноста |
| од 30 /06/ 12<br>до 15 /07/ 12 | УТ ги анализира и ако е потребно ги ревидира инвестиционите предлози, ги одобрува листите на на повеќегодишните проекти и ги доставува до извршните тела на општината на конечна анализа и одобрување |
| од 15/07/ 12<br>до 15 /08/ 12 | Листата на проекти се става на јавна расправа, анкета на фокус групи и други форми на истражувања |
| од 15/08/ 12<br>до 30 /08/ 12 | Одделот за локален економски развој во соработка со техничките служби развиваат повеќегодишна програма на капитални инвестиции |
| Септември - октомври | Градоначалникот на општината подготвува Предлог план на програми за развој усогласен со Циркуларот и истиот го доставува на одобрување до Советот на општината најдоцна до 20 октомври тековната година |
| 1 септември | Формуларите за подготовка на предлог- буџетската пресметка се подготвуваат и се дистрибуираат до општинските буџетски корисници од страна на градоначалникот и финансискиот оддел на општината. |
| 15 септември | Буџетските информации за тековната и за минатата година се ставаат на формулари за секој оддел и општински буџетски корисник заедно со упатствата за |

| | |
|---|---|
| | основните насоки и препораки од градоначалникот. |
| 1 октомври | Проценката на трошоците за следната буџетска година се враќаат на финансискиот оддел од страна на раководителите на одделите и општинските буџетски корисници. |
| 10 октомври | а) се анализираат буџетските барања од страна на финансискиот оддел<br>б) барањата се анализираат, усогласуваат и поднесуваат до градоначалникот<br>в)се изготвува предложениот трошковен план од финансискиот оддел и<br>г) се подготвува предложената програма за приходи од страна на финансискиот оддел |
| 15 октомври | Градоначалникот ги разгледува и одобрува предложените предлог буџетски и пресметки и го одобрува предлог - буџетот. |
| 15 ноември | а) Предлог - буџетот се доставува до Советот на општината<br>б) се објавува содржината на предлог буџетот и се дава на достапност на јавноста<br>в) се одржуваат јавни расправи |
| 1 декември | Се доставува конечен Предлог - буџет од страна на градоначалникот. |
| 10 декември | Се води расправа во телата на Советот на општината. |
| 20 декември | Седницата на Советот на општината за донесување на буџетот за наредната буџетска година |
| 1 јануари | Започнува новата буџетска година |

**Бр.07-1054/3**
**29.12.2011 год.**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА М.БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**ДРАГЕ ЈОСИФОСКИ с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод, Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас„ ДОО погон Бабин дол за КО Девич**

Се прогласува **Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас„ ДОО Бабин дол за КО Девич,** што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2011 година.

Бр.08- 1054/5
30.12.2011година

Општина Македонски Брод

Градоначалник,

Милосим Војнески с.р.

Врз основа на член 15-а ст. 2 и член 50-а ст. 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр.51/05,137/07,91/09,124/10 и 18/11 год.), член 36 ст.1 т 15 од Законот за Локална самоуправа (Сл.Весник на РМ 05/02) и член 21 ст.1 од Статутот на општината Македонски Брод (Службен гласник на општина Македонски Брод 2/03) ,Советот на општината Македонски Брод на седницата одржана на ден 29.12.2011 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

**За утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО-погон „Бабин дол“ за КО Девич**

1.Се утврдува потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација (во понатамошен текст:ЛУПД), за потребите на „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ДОО –погон „Бабин дол“од Македонски Брод. Во опфатот на ЛУПД ќе влезат дел од КП бр.25 заведена во ИЛ.бр.239,дел од КП бр.26 заведена во ИЛ бр.237 и дел од КП бр.27 заведена во ИЛ 238 за КО Девич на кое право на сопственост има Република Македонија, за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија.

2. Ѓурчиноски Драге ул.„8-ми септември“ бр.10 од Македонски Брод, како управител, да изработи Локална урбанистичката планска документација за објект „РУДПРОИНГ-МУСТАКАС“ ДОО-погон „Бабин дол“ за КО Девич за формирање на градежна парцела Г-2 лесна и незагадувачка индустрија.

3.Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето,а ќе се објави во Сл.гласник на општината Македонски Брод.

**Бр. 07- 1054/4**
**29. 12. 2011 год.** **Македонски Брод**

**Совет на општина Мак.Брод**
**Претседател,**
**Драге Јосифоски с.р**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за прогласување на Буџет на Општина Македонски Брод за 2012 година и Одлука за извршување на Буџетот за 2012 година на Општина Македонски Брод.........стр.2

Буџет на Општина Македонски Брод за 2012 година ............................................стр.3

Одлука за ивршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2012 година...........................................................................................................................стр.55

Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас“ ДОО погон Бабин Дол за КО Девич..........................................................................................стр.80

Одлука за утврдување на потреба од изработка на Локална урбанистичка планска документација за објект „Рудпроинг-Мустакас“ ДОО – погон Бабин Дол за КО Девич ..............................................................................................................................стр.81